Tigo.mk

Финансиско друштво ФИНМАК е современа компанија која применува иновативна и модерна технологија, посветена на корисниците. Нудиме брзи и лесни решенија за микрокредитирање на физички лица кои се достапни секому.

Со нетрпение очекуваме да го запознаеме нашиот нов колега и навистина веруваме дека ќе бидете многу вреден член на тимот, кој ќе донесе нови професионални компетенции во нашата компанија. Придружете ни се како:

# Маркетинг и ПР Специјалист

*Нашата компанија бара креативна, амбициозна и организирана личност за позицијата **Маркетинг и ПР специјалист**. Ако си личност со страст кон маркетинг, имаш око за продажба и умееш да комуницираш со публика преку зборови и визуелна содржина – те сакаме во нашиот тим!*

***Главни одговорности:***

- *Планирање и спроведување маркетинг кампањи со цел зголемување на продажбата и препознатливоста на брендот*
- *Пишување на објави, написи, дописи и PR текстови*
- *Анализа на резултати од кампањи и предлагање подобрувања*
- *Комуникација со медиуми, инфлуенсери и партнери*
- *Следење на трендови во дигитален маркетинг и предлагање нови идеи*
- *Управување и креирање содржина за социјални медиуми (Facebook, Instagram, LinkedIn, TikTok и др.)*

***Потребни квалификации:***

- *Завршено високо образование (предност: маркетинг, комуникации, економија или сродна област)*
- *Искуство со работа на социјални медиуми и дигитални алатки (Meta Business Suite, Canva, Google Ads, итн.)*
- *Одлични комуникациски и писмени способности*
- *Креативност, аналитичност и ориентираност кон резултати*
- *Познавање на македонски и англиски јазик*

**Креативност:** Креативен начин на размислување за развивање иновативни маркетинг стратегии и кампањи кои ќе ја ангажираат целната публика.

**Техничка писменост:** Познавање на маркетинг алатки и платформи, вклучувајќи CRM системи, веб аналитика и алатки за управување со социјални медиуми.

***Услови од компанијата:***

- *Договор за вработување со платена обука и редовна месечна плата (исплата на третиот работен ден во месецот);*
- *Исплата на минат труд и годишен регрес;*
- *Дополнителни денови за годишен одмор за лојални вработени;*

- *Работно време понеделник до петок 08.00-16.00 часот;*
- *Современа и најнова технологија;*
- *Атрактивен пакет на бонуси;*
- *Дополнително колективно осигурување;*
- *Можност за напредување;*
- *Динамични работни услови во брзорастечка компанија;*

Доколку сметате дека сте вистински кандидат, Ве молиме испратете Ваша биографија полето Аплицирај.

Изборот ќе се изврши согласно условите и роковите во Законот за работните односи. ФИНМАК ДОО го задржува правото да не избере ниту еден кандидат.

Со аплицирање, кандидатот изјавува дека е согласен неговите лични податоци наведени во прикачените документи да бидат собрани и обработувани од ФИНМАК ДОО, во согласност со Законот за заштита на лични податоци. Кандидатот изјавува дека е запознаен дека неговите лични податоци се собираат и обработуваат со цел избор на кандидат за позицијата за која аплицира, како и за контакт во случај на отворање на нови позиции кои одговараат на профилот на кандидатот, и се чуваат во времетраење од 1 година. Кандидатот има право во секое време да ја повлече дадената согласност за чување и обработка на неговите лични податоци.

Финансиско друштво ФИНМАК ДОО Скопје